# Биологија за VIII одделение **30.03. – 01.04,2020**

## ТЕМА бр. 6 : Класификација на организмите

**Наставна содржина :**

### 1.Подредување на живите организми во групи (час бр. 54)

Во светот постојат милиони живи организми кои за полесно изучување се подредени во групи според нивните карактеристики.Ваквиот начин на групирање се нарекува **класификација.**

Најголемите групи во системот се нарекуваат **царства.**
Живиот свет е поделен во пет царства (царство на **монери, протисти, габи,растенија и животни)**

Содржината ке ја научите од учебнкот на стр.70 и 71, и од презентацијата која ке ви ја споделам.

Царствата се поделени на поголеми и помали групи, тие се подредени вака:

***царство → тип → класа → ред → фамилија → род → вид***

Пример за **балкански рис**

***Ц-животни → Т-рбетници → К-цицачи → Р-месојади → Ф-мачки → Р-рис → вид-балкански рис.***

Со помош на интернет(википедија) дознајте повеќе за ситематиката на некое животно. Определете го определете ги царството, типот,....

Наставна содржина :

### 2.Класификација на ‘рбетниците (час бр. 55)

**‘Рбетниците** се група на животни што имаат ‘рбет.Поделени се во помали групи наречени класи.

Риби,водоземци,влекачи,птици и цицачи.

Проучете ја содржината на страна 72 и 73 од учебникот по биологија и научете повеќе за секоја класа на животни.Рзгледајт ги сликите.

.

**Домашна задача:**

1. Решете го дијаграмот , напишете ги имињата на петте царства.




2. Под секоја слика напишете на кое царство припаѓа организмот.











3. Имаш задача да одговориш на прашањата на страна 73 во учебникот.
   А) Опиши ги главните карактеристики на две класи  од рбетниците
   Б)Во која група ‘рбетници припаѓа секое од следните животни: Тигар,ној,жаба,кит,гуштер,морска желка, црвеноперка,смок,папагал,зајак,ајкула,штрк, верверица, дождовник,камила,ластовица,крава.

| риби | водоземци | влекачи | птици | цицачи |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |